# ГРАДЕЊЕ КУЛТУРА НА ДЕТСКО УЧЕСТВО ВО ПРАКТИКА



Градење култура на детско учество
- проектот е финансиран од Европската Унија

# Можности и промени



Фикрет Весели

Јас сум Фикрет Весели, роден 1991 година, ученик од четврта година во средното електротехничко училиште на град Скопје „Михајло Пупин“. Волонтирам во Првата детска амбасада во светот Меѓаши повеќе од една година, а кога се приклучив во проектот „Градење култура на детско учество“ имав 17 години.

Како учесник во проектот, чија цел беше запознавање на децата со нивните права, за вклучување на децата во донесувањето на одлуки кои се во нивна полза и добивка на целото општество, за упорност во борбата против извршена неправда врз децата, се здобив со многу знаења и искуства кои ме направија да се чувствувам посамоуверен, да ги гледам работите со појасна слика, да бидам поснаодлив, и посилен во смисол на соочување со било какво кршење на детските права и нивното бранење. Учествував на сите тренинзи кои учевме за детските права и се обучувавме како да се справиме и да реагираме и кому да се обратиме во случај кога е прекршено некое детско право. Овие тренинзи ни дадоа можност да се изразуваме пословодно, да бидеме активни, да го вложиме и користиме нашето знаење, да го споделуваме нашето искуство, да се сослушуваме меѓу себе, да разменуваме идеи и се разбира да се дружиме со многу деца од различни градови. Она што ми се допадна најмногу е тоа што имаше деца од повеќе градови и имав можност да дознаам повеќе за другите градови кои никогаш не сум ги посетил, и да ги научам останатите дијалекти од различни страни на Македонија, за поголемо прифаќање на разликите помеѓу нас и формирање на мрежа која поврзува многу деца од различни градови преку која сеуште се држиме во контакт и продолжува нашето заедничко работење и вложување во оваа проблематика, но и во други проекти. Во овој проект, спроведовме анкета каде што целна група беа децата од 5 одделение до 3 година средно образвание, а целта беше да откриеме колку децата се запознаени со нивните права и колку тие ги уживаат тие права. Анкетата се спроведуваше во 7(седум) градови во Република Македонија преку прашалник каде што ние, самите деца учествувавме во неговата подготовка. После добиените резултати имавме и неколку работилници каде што го направивме алтернативниот извештај.

Проектот „Градење култура на детско учество“ за мене беше многу важен бидејќи претставуваше големо искуство за краток период поради тоа што повеќето од предавањата се водеа преку вежби кои ги практикувавме преку игри, се бараше активно учество и се стекнав со незаборавни пријатели и незаменлива авантура.

# Детски права!

Детски права!? Што е тоа? Милиони деца во светот не знаат ни дека постојат такви права. Секојдневно се соочуваме со примери каде децата се малтретирани или искористувани на разни начини, а тие самите и незнаат за тоа.

Морам да признаам дека и мене не ми беа познати правата се додека не почнав да учествувам на тренинзите кои беа организирани од страна на Првата детска амбасада во светот Меѓаши. На овие тренинзи јас ги научив детските права и сфатив дека повеќето од нив несвесно биле прекршувани. Тренинзите се одвиваа во повеќе градови и на нив

учествуваа деца од 7 града на Република Македонија. На почетокот, односно на првиот тренинг јас како и останатите деца бевме многу збунети и по малку исплашени, но со текот на времето тоа се смени. Таму запознав многу деца кои исто како мене за прв пат се сретнуваа со некои од правата.

На тренинзите, преку разни игри ги научивме нашите права. Откако се запознавме со нашите основни права, направивме анкети да дознаеме колку останатите деца се запознати со нивните права. Кога ги завршивме анкетите бевме негативно изненадени затоа што сфативме дека повеќето деца не знаат ни дека постојат детски права, а не пак дека им се прекршени. Но, се надевам дека ние ќе им помогнеме да ги научат.

Сега искрено се надевам дека во Република Македонија, а секако и во целиот свет ќе се подобри ситуацијата во која се наоѓаат повеќето од децата и дека децата иако се мали суштества ќе бидат повеќе почитувани.

Дијана Јорданоски, Гим. „Мирче Ацев“ III[6] „Центар за Граѓанска Иницијатива“ Прилеп



## Детските права

Правата на децата треба да се почитуваат во секое општество
бидејќи тие права се загарантирани во Конференцијата на ОН.
Нашата држава е должна да ги почитува тие права.
Со оваа декларација децата се запознаени од секаков вид насилство.

Петар Кузманоски, VIII одд, ОУ Санде Штерјоски - Кичево. Се занимава со бодибилдинг, карате, кошарка. Обожава рок музика, компјутери, акциони филмови. Омилени предмети му се: математика, историја и англиски.



### Мисла

Зошто да се чмае
и долго да трае
и јас имам свои права,
секој треба да знае.

Теодора Велкоска
О.У. Санде Штерјоски-Кичево



Валерија Силјановска
ОУ Санде Штерјоски – Кичево

## Детските права

Ние децата треба
Да ги знаеме нашите права
За да бидеме
Генерација здрава.

Секое дете
Црно, жолто, бело
Треба да биде
згрижено и весело.

Не треба да бидеме
Како евтина работна сила,
Треба да учиме
Од нашата книга мила.



Edmond Abdiu
Edhe pse jam fëmijë
14 vjeç
Sh.f. ”Sande Shterjoski”
Klasa VIII  Kërçovë

**Të drejtat e fëmijëve**

Edhe unë jam njeri
Dua të kemë të drejtë
Si moshatarët e mijë
të mbarë botë demokratike.

**Të drejtat e fëmijëve**

I dua fëmijët e mbarë botës
Prandaj ju lus:
Jepni të drejtë të jetojnë të lirë.
Pa brengë e frigë
se fëmijët janë
Ardhmëria e Botës.



Ahmed Selimi
14 vjeç

Sh.f. “Sande Shterjoski”

Klasa VIII Kërçovë

**<u>Të drejtat e fëmijëve</u>**

Të gjithë fëmijët në botë
Kanë të drejtë të jenë te lirë
Të bardhë, të verdh ao të zinjë
Tu plotësohet cdo dëshirë.

**Të drejtat e fëmijëve**

Fëmijët janë
ardhmërija jonë
Ata duhet cdo
të drejtë ta gëzojnë
për të drejtat e tyre
duhet tëluftojnë.

**<u>Fjalë popullore:</u>**
- Mos ec para meje
se më pengon,
Mos ec mbas meje
se nuk të shoh,
Ec krahas me mua
se jemi të barabartë.

**<u>Fjalë popullore</u>**
Mos e prek zemrën e
fëmijës se është e ndieshme
si qelqi, lehtë mund të thyhet.

Mide Nedjipi

Koordinatorka od Antiko Kichevo

**Детско учество и детски активизам**



**Васка Бојаџи**
**ЦОР „Порта“ Струмица**

Да се знаат сопствените права. Да се знае како тие права можат да се остварат. Да се има можност за активно вклучување во донесувањето на одлуки. Да биде побарано сопствено мислење, а уште и да биде земено во предвид. Тоа се дефинитивно поими кои во минатото немале никаква допирна точка со децата. Па дури и деновиве кога живееме во т.н. современи општества за жал малубројни се децата кои ја имале можноста да се запознаат со своите сопствени права и можноста да придонесат за нивната заштита. Овој факт навистина ме прави да се чувствувам посебна, па на некој начин и привилегирана.

Пред да се вклучам во проектот „Градење култура на детско учество“ себеси се сметав за доволно запознаена со детските права како и со механизмите за нивната заштита.

Но не можам да кажам дека го имав истото тоа мислење и по присуството на првата работилница. На таа прва работилница дознав една многу важна работа. Дознав дека наместо да молчам и да се револтирам (што дотогаш беа и еднистевените нешта што ги правев кога ќе забележав кршење на некое од правата) способна сум и да превземам конкретни активности со кои ќе придонесам за нивната заштита. Едно е чувството кога ќе се направи нешто добро за себе, но сосема друго е чувството кога се придонесува за доброто на целата заедница. Така со огромно задоволство присуствував и активно се вклучив на семинарите кои следуваа. Мислата дека утре барем едно дете ќе се најде во училиште благодарение на активностите кои ги презедовме, беше тоа што цело време ме водеше во текот на Глобалната недела.

Најголемиот предизвик во целиот проект според мене беше подготовката на првиот детски алтернативен извештај за состојбата со правата на децата во Македонија, а уште поголем предизвик и одговорност беше презенатацијата на истиот пред Комитетот во Женева. Со нашата презентација во Женева сигурна сум дека доволно го мотивиравме Комитетот да изврши уште поголем притисок врз државата за решавање на сите постоечки проблеми поврзани со децата и детските права. Со тоа дадовме значаен придонес во унапредувањето на имплемантацијата на Конвенцијата во нашата земја.

Преку детскиот активизам ни се овозможува не само лично надоградување туку и чувство на важност, ценетост и корисност за нашето општество. Ние децата можеме, умееме и сакаме да предизвикуваме позитивни промени, а вам возрасните преостанува сето тоа да го искористете.

# Детска насмевка



Детската насмевка е пеперутка
со раширени крилја на расцветен цвет
сонце на росна трева
лебед со раширени крилла влет...

Детската насмевка е разиграна светлина
на чист небесен свод
треперлива ѕвезда, сјајна месечина
во тивка пролетна ноќ.

Детската насмевка во срцето
топлина ни дава
денот убав ни го прави
А за возврат малку бара.

Детската насмевка е
најголен подарок
со најубав разгален цвет
што е најубав од се на овој свет

Ако сакате таков подарок
сакајте и почитувајте ги децата
дајте им љубов, милост и грижа
почитувајте ги неговите права
не штедете сила
детската насмевка дава крила.

Децата заслужуваат да бидат и треба да бидат сакани, ценети како нешто нај нај драгоценето.

Децата обично се плод на родителската љубов. Нивната љубов се преточува во нас децата и тоа треба да биде искрена, несебична неизмерно голема, која ние ја преточуваме кон нашите родители во знак на благодарност кон нив.

Често пати децата доаѓаат на свет без волја на двајцата родители. Сепак децата не се виновни што се создадени. Тие деца имаат право на живот. Во тие деца тече Вашата крв, драги родители. Не отфрлајте ги тие деца од вас зошто Тие се ваши деца, деца на невиниот весел човечки свет. Децата без разлика кои се, чии се, како се создадени ја заслужуваат како прво и најважно родителската грижа и љубов.
Материјалните добра, сите материјални благодети и играчки не ја заменуваат родителската љубов.

Ако навистина децата и нивната насмевка е најдрагоцен дар во животот тогаш родителската љубов, љубовта од сите што ги опкружуваат, не изоставувајте ја. Таа е најдрагоценото и незаменливо нешто во животот.

Ние децата од целиот свет имаме исти желби и потреби но и најмногу ја сакаме љубовта и грижата на родителите.

Ние не сакаме да бидеме отфрлани од никого. Ние некогаш знаеме да ги налутиме постарите со нашите детски лудории – простете ни, сфатете не зошто и вие сте биле деца како нас.

Децата не знаат да мразат но често пати лутината и бесот од родителите остава трага во детските души, што не е добро ни за децата ни за родителите.

Ако децата страдаат поради грешките на родителите, тогаш родителите покасно ќе страдаат од нив.

Децата имаат право на игра, имаат право да кажат што сакаат, што не, што можат а што не, за што мислат дека се способни или за што не се.

Ние децата бараме да бидеме прифатени од возрасните такви какви што сме, со сите немири, желби и грешки, а при тоа воспитно, но добронамерно и со љубов да ни укажувате и секогаш да не упатувате кон се што е добро и позитивно во животот. Но драги Наши родители кои претставувате авторитети пред нас помалите, дали размислувате за вашите постапки и пристапи, однесувања кон нас децата и како тие делуваат на нас?!

Сакајте не, бидете строги наши судии и воспитувачи, но со правилен суд и љубов.

Возрасните и родителите се наш пример.

Децата имаат право да бидат критикувани, но децата исто треба да добијат право да критикуваат и со право добронамерно да бидат сослушани и со полно љубов и внимание да им биде одговорено.

Невниманието кон децата, немањето време (најчестиот ваш изговор) може да однесе се во несреќен крај.

Пожртвуваноста на возрасните кон децата секогаш раѓа плодови корисни за секогаш и за сите.

Пружете љубов за весел, среќен детски свет. Тоа ги прави среќни сите.

Со заедничка љубов, разбирање со меѓусебно почитување, животот е насмевка, песна, радост, здравје, се општо добро и корист во животот.

Не прекинувајте го животот на оние кои се зачнати и неродени. Сечиј живот нека продолжи и заслужува секакви права во животот.

Не заборавајте на нас децата да не сакате и да ни пружите тоа што е добро, корисно и за благосостојба во човештвото. Сакаме – сакајте не и вие.
Благодариме, и за секое добро

**Елена Стојкова III 5**

**ЦОР „ Порта“- Струмица**

**Зошто?**

Зошто децата да не бидат безгрижни,
посреќни и почитувани,
монотонијата на животот со нивната врева
се разбива кога насекаде таа се крева.

Детското срце никогаш не сака да спие,
а кога е многу уморно во постела вешто ќе се скрие,
кога на небото ќе се појават ѕвезди
кога месечината со својот брод езди.

Зошто децата да се изложени
на болест, сиромаштија и глад,
децата од целиот свет
заслужуваат живот ко розов, најубав цвет.

Детето треба по планина да шета
ко борбена птица во височините да лета,
во потрага по своите права да оди
и зракот на слободата да го води.

Да отиде некаде далеку на хоризонтот
зад пољанките чисти, кај реките бистри
кај росната трева каде кокичето се буди
за подобар живот ново утро кај се руди.

**Љубица Трајкова**

После сите интересни приказни во алманахот кои ги изготивиле моите пријатели, неможев, а да не се задржам на она што мене ми остави најголем впечаток од самиот проект како и за друџабата помеѓу нас.

Почетоците беа доста интересни: самото запознавање со децата, чуството на загриженост како ќе бидеме прифатени од другите, како и прашањето како би се снашле во сето ова. Кога почна проектот, малку од нас знаеа во што се впуштаат. Сепак имаше доста време да научиме се што беше потребно. Од напорната работа и нашиот труд произлезе крајниот резултат – Алтернативниот извештај. Ова дело е плод на нашите креативни идеи, како и податоците добиени од анкетите. Беше предизвик сето ова да го скоцкаме за да го добиеме крајниот изглед.

Кога го гледам Детскиот извештај пред мене, горда сум самата на себе, бидејќи земав активно учество во самиот проект „Градење култура на детско учество“ . На семинарите, бројните работилници, но и на она што следува, Првата национална конференција за детско учество.

Иако имаше доста работа, ние си најдовме доста слободно време и за дружење кое сигурно не остана не искористено ☺. Се дружевме постојано и станавме премногу блиски. Слободно можам да кажам дека ние сме едно големо семејство и знам дека нема никој да ми замери.

**Елена Лазарева**

Животот не е роман, да се ужива додека се чита. Додека кај некој се е мед и млеко, така не е кај сите. Уште во праисторијата постоела таа поделба на луѓето на класи. Кај нас во ова модерно демократско општество, ако може така да се каже, сеуште таа поделба е изразена. Иако секојдневно сакаме да ставиме крај, тоа е невозможно.

Колку и да се трудиме сепак ги има, а за жал сеуште и ќе ги има оние слоеви кои немат средства за задоволување на основните животни потреби. Медиумите кои се човечка екстаза, постојано не шетаат, запознаваат, информираат со најексклузивните информации. Многу пати слушаме дека некој починал од глад, смрт, болест, малтретирање. Се повеќе на тоа се изложени младите невини суштества. Тие се трпители на родителскиот бес и нивната неодговорност.

Честопати се скратуваат детските права. Се занемарува детскиот талент, креативност, нивните потреби, идеи, желби. Не доволно се обврнува внимание на децата, носителите на иднината. На светско ниво огромен е бројот на децата кои починуваат од ретки болести. Иако лекот е пронајден, финансиските сретства го попречуваат детскиот живот. Многу пати сум сретнала како децата со посебни потреби, или од друга верска, расна припадност се омаловажени, одвоени од останатите во групата.

Сите ние сме исти човечки суштества, без разлика на се.

Понекогаш самите родители, свесно или несвесно ги скратуваат детските права. Имам личен пример, во мојот град, требаше да се омажи дванаесетгодишна девојка, затоа што нејзиното семејство немаше средства за живот. Каде е детството? Што таа доживеа од него? Дали ги научила буквите, бројките? Тоа беа прашањата за кои родителите не се запрашаа. Што, што ќе биде без образование тоа младо суштество пуштено во овој суров свет. Тогаш се крати детското право на образование, највредното, најскапоценото нешто, што овозможува истакнување и оформување на младата личност.

Исто така и гладот знае да стави крај на детскиот живот. Во светот има многу деца кои се радуваат на секое ново парче леб, но и оние кои кон новиот ден гледаат со презир, спремни да стигнат до пари на било кој начин, за да можат да си купат храна.

Децата обично не се доволно свесни за тоа што го имааат. Не знаат дека фрлениот училишен оброк, старата облека за некого значат живот.

Многубројни се детските права, правата за кои не се води доволно грижа. Затоа секој од нас, како свесна индивидуа, треба да ги прифати и почитува дестките права, поради тоа што децата се човечки суштества со свои потреби.

**Ирена Младенова**

Посебно доживување и искуство за мене беше „Маршот за вклучување на децата во образованието“. Конкретен впечаток за мене остави бројот на децата кои излегоа од сите градови да маршираат и со тоа одлучиа да дадат свој придонес за правата на децата, дружбата помеѓу нас како и желбата да се постигне нешто што би му било од неопходно значење на секое дете. Потребата за образование е најголемата цел и замисла на децата со која се отвараат многу врати во животот. Учеството во оваа активност допринесе за подобра иднина и цел во која удел ќе имаат сите деца без да се гледа на нивните етнички, социјални и други разлики.

**Маја Тодорова**

Учењето е дар кое го заслужува секое дете, секоја млада личност. Со оваа мисла и намера јас и моите соученици отидовме на еднодневен марш во Скопје и на разговор со министерот за образование, бидејќи најважната работа на младите луѓе е да се едуцираат, да се образуваат и да добиваат знаења од сите области.

Постои голема дискриминација кога станува збор за децата. Многу од нив не посетуваат настава. Кај секој млад човек во Македонија постои желба за едукација и напредок.

Постои и дискриминација и кај децата со хендикеп, поради која многу деца неможат да напредуваат и да се образуваат. Но и тие се луѓе и заслужуваат барем да имаат основни знаења за општеството околу нив, за да можат да бидат дел од светот во кој живеат.

После моето искуство со маршот во Скопје, видов дека навистина може да се направи нешто и дека конечно ние младите можеме да се сложиме за напредна и уште пообразована Македонија.



## Градење култура на детско учество - искуство во од Женева

Во рамките на проект **Градење култура на детско учество** беше предвидено и изготвување на детски извештај, односно извештај во сенка, во кој што за прв пат во Македонија ние децата имавме можност сами да известуваме за состојбата со правата на детето во нашава земја и самиот извештај да го презентираме директно во Женева пред Комитетот за правата на детето. Сметам дека ова беше еден од најакцентираните чекори и цели од проектот затоа што детското мислење беше претставено диркетно пред комитетот. Исто така, беа потенцирани детските проблеми и предлозите како тие да се решат и сето тоа убаво спакувано во така наречениот детски извештај на кој што сигурна сум дека сите ние кои имавме можност да работиме на него сега се чуствуваме горди, но и многу посигурни во себе дека сме моќни да правиме позитивни промени во нашето општество.

Бидејќи сметам дека искуството што го имавме со Васка во Женева е непроценливо и преставува чекор напред во градењето на детеско учество во Македонија спремна сум да го споделам за да биде поттик за сите деца кои се скептични и одбиваат да заземат било каков детски активизам затоа што се обесхрабрени дека и тие можат да бидат слушнати и нивниот глас да биде испочитуван. Општите впечатоци од престојот во Женева се прекрасни затоа што имавме прилика да се запознаеме и да споделиме искуства со повеќе делегации кои исто така беа дојде со иста цел. Многу не израдува моментот што тогаш беше присутна и детската делегација од Србија, кои пак, по втор пат презентираат извештај пред комитеот. Така и со нив имавме можност да поразговараме и да добиеме информации како течело нивното презентирање пред комитетот.

Првичните впечатоци што ги имавме после нашата презентација пред комитетот, беше чувството дека се помина многу подобро од колку што очекувавме. Членовите од комитетот беа дружељубиви и комуникативни луѓе кои со нетрпение очекуваа што ние младите членови имаме да кажеме во нашата презентација. Дури имавме и таква привилигија на неколку наврати да земеме збор и во текот на презентирањето на алтернативен извештај што го презентираа возрасните, што ни преставуваше особена чест. Општиот впечаток што произлезе од многуте средби што ги имавме со разни невладини организации кои се грижат за почитување на детските права беше дека тие беа пред се пријатно изненадени како децата во Македонија сами успеале да изработата извештај и истиот да го презентираат. Поради тоа бевме многу пофалени и охрабрени дека и понатаму ваквиот детски активизам треба да се негува и да се развива. Сето ова само ни покажа дека постои простор и детскиот глас да биде слушнат и да се зема во предвид при донесување на одлуки кои се од интерес на децата.





**Детско учество**

Се започна кога Биле ми јави дека одиме во Струмица на семинар. На почетокот бев изгубена и незнаев како ќе изгледа нашиот прв семинар. Не беше како што очекував и замислував, туку беше уште подобро. Освен што се забавувавме на сите три семинари, исто така и работевме.

Првиот семинар го посветивме на меѓусебно запознавање и запознавање со детските права. Вториот семинар беше во Кичево на едно свежо и планинско место опкружено со чист воздух. Таму го подготвувавме прашалникот, кој подоцна беше доработен од возрасните. Потоа тој прашалник го спроведовме во нашите градови. Третиот семинар беше во Охрид, а таму го подготвувавме алтернативниот детски извештај.

Од овие семинари излегов со големо искуство, како во поглед на детските права, така и во поглед на секојдневниот живот. Дознав дека во моето минато сум се соочила со многу случаи во кои биле прекршени детските права, а за тоа не сум била свесна и не сум знаела дека можам да дејствувам. Сега знам кои се детските права и дека прекршувањето на детските права треба соодветно да биде решено, а јас можам да бидам таа што во таков случај ќе помогне. Тоа е детско учество.

**Тамара Ѓорѓевска**
**СОУГ „Кирил Пејчиновиќ”**
**„Љоја” – Тетово**

**Детскиот марш**



Учење на детски права - јасно
забава и смеење гласно.

Тоа е најдобра комбинација
за да дојдеме до реализација.




Секој да знае какви права има
па заблуда да нема.

Маршот беше одлично нешто
да ги отвориме очите на светот,
а тоа го направивме вешто.

**Тамара Ѓорѓевска**
**СОУГ „Кирил Пејчиновиќ”**
**и Натали Марковска**

**„Љоја” - Тетово**

**Градење култура на детско учество**



Да се објасни значењето и задоволството да се работи на градење култура засновано на детско учество единствено би можело со проаѓање на повторно истите моменти поминати во работа, истражување и друштво. Мојата огромна желба да бидам дел и да можам подобро да се запознаам со детските права, нивното среќавање и нарушување придонесе да бидам дел од големото семејство на Првата детска амбасада во Светот - Меѓаши. Потенцирам големо семејство бидејќи со сите проекти, работилници, истражувања, децата и возрасните се сплотија во едно и на тој начин докажаа дека само заедно можат да успеат во своите намери и цели.

**Оља Стојковска**

**Куманово**

Со моето лично досегашно искуство кое го имам поминато во Меѓаши можам да констатирам дека сите проблеми кои се поврзани со децата и нивните права можат да се решат на еден единствен начин - со нивно вклучување. Со голема почит можам да се заблагодарам на дадената можност и јас, како дете, да придонесам да се надминат некои кршења на детските права со моето залагање и учество. Низ низа прошетки по градовите во Македонија успеав да запознаам многу такви деца кои имаа исти намери и мисли. Постојаното дружење, забавата со нив, не зближи уште повеќе да соработуваме. На

повеќето работилници на кои имав можност да учествувам во Кичево, Охрид, Струмица научив многу нови работи, запознав многу нови другарчиња и истомисленици и што е најважно научив како да ги пренесам истите знаења на други деца, на моите другари од родниот град. Со кампањата за сите деца да бидат вклучени во образовниот систем директно почувствував како е да се помогне некому кога му е потребна помош. Со пренесувањето на искуства од децата, возрасните можат да имаат поблиска слика за проблемите и нарушувањето на детските права. Освен тоа, со многуте брошури и активности кои се спроведуваа во голем број училишта во Македонија, децата се запознаа што всушност значи да се има некое право и како да реагираат ако тоа е прекршено. Токму поради овие причини од лично искуство можам да кажам дека: само преку детско учество, со лична активност децата можат да навлезат во светот на нивните "детски " проблеми и истите да ги решат.

## Детски права во Република Македонија

Јас како член на групата за истражување на детските права во Република Македонија и воопшто на детските права, при ОУ „ Браќа Миладиновци „ од Куманово дојдов до заклучоци кои според мене лично се многу фрапантни и кои бараат надлежните органи сериозно и брзо да се зафатат со решавање на проблемите, затоа што детските права се сериозна и ранлива група кои за жал не се почитуваат многу. Тоа се следниве податоци и заклучоци:

- Голем дел од децата во Република Македонија не знаат за своите права, а со самото тоа не знаат како да ги решат проблемите со кои се соочуваат;
- Голем дел од децата не знаат дека постои институција која се грижи за нивните права и не знаат како да ја контактираат;
- Не многу деца признаваат дека се предмет на домашно насилство, затоа што се плашат дека може нешто да им се случи;
- Голем дел од децата признаваат дека и во училиштето во коешто учат има насилство, како помеѓу нив, така и помеѓу учениците и професорите;
- Многу малку од децата на кои им било прекршено некое од нивните детски права се обратиле на некое стручно лице како психолог, педагог и сл;
- Голем дел од децата кои ги познаваат своите права тврдат дека им е прекршено правото на правично оценување;
- Постои голем број на деца кои од било кои причини не го посетуваат училиштето;
- Децата Роми се почесто се дискриминирани затоа што не се од истата вероисповед како повеќето други, немаат иста боја на кожа и сл;
- Децата кои ги познаваат своите права најчесто ги научиле од интернет, книги, списанија и сл, а во училиштата едукацијата за детските права е премногу мала;
- Голема е дискриминираноста на децата со хендикеп.

Овие податоци се навистина сериозни и повикуваат на сериозност од сите во оваа област како наставниците, професорите на универзитетите, народниот правобранител, адвокатите, општествените владини и невладини институции, семејството и да се вклучат најсериозно во проблемот и што е можно поскоро резултатите од овој проблем да се

изнесат во јавноста, а со самото тоа проблемот да стане јавен со цел да добие конечна разврска.Најпосле, децата конечно би можеле целосно да ги уживаат своите права, кои им се загарантирани и со Универзалната декларација за детските права и со Уставот на Република Македонија.

Податоците кои се содржани во овој есеј се добиени од официјалната страница на детската амбасада „ Меѓаши“, книги, списанија и разговори со моите другари и пријатели.

Марио Сибиновиќ VIII-4 одд

ОУ „ Браќа Миладиновци“

Куманово

**Експлоатација на детски труд**

Дете, припадник на ромска заедница е експлоатирано за целите на неговите родители. Од нивна страна му е забрането да оди во училиште и наместо тоа е принудувано да проси и да работи. Детето имало желба за учење, со оглед на тоа дека било свесно дека без образование и не е некаков живот, но дури и кога се трудело да научи нешто, било тепано од страна на неговите родители, кои сметале дека со учење го загрозува времето кое треба да го користи за принудна работа или питачење...

Му биле загрозени правото за образование и било експлоатирано за детски труд.

Марија Младеновска VIII-3

ОУ „ Браќа Миладиновци “

Куманово

**Детски права**

Дете е секоја индивидуа под 18 години. Секое дете има свои права кои се заштитени во Конвенција за детски права. Детските права се исти за сите деца без разлика на полот, верата, националноста, бојата на кожата, материјалната состојба на нивните родители... Детските права треба задолжително да се почитуваат и треба да ги ужива секое дете и никој не смее да му ги скратува или угрозува истите. Доколку детето забележи дека му се прекршени правата, постојат институции кои се задолжени да му помогнат.

Детските права  треба да се почитуваат бидејќи секое дете заслужува среќно детство.

Магдалена Ракиќ VIII-3

ОУ „ Браќа Миладиновци “

Куманово



Тамара Обреновиќ

ОУ Блаже Конески, VI одд

Имам желба

во светот да нема делба.

Да живееме здрави

Со сите детски права.

Да бидеме писмени,

Да другаруваме добро

Без насилство злобно.

Детето треба

да живее во радост

и среќно да се сеќава

на својата младост.



Марија Стојкова

ЦОР „Порта“ Струмица

Живеам, значи постојам.

Имам семејство и дом, среќна сум.

Учам, размислувам, избирам...

Имам права,

значи суштествувам

како човечка единка.

Деацата имаат право :

- да живеат
- да сакаат
- да бидат згрижени
- да бидат со своите најблиски
- да растат во здрава животна средина
- да ја искажат својата вера
- да го искажат своето мислење
- да го изберат она што го сакаат
- да се едуцираат
- да ги развиваат своите способности
- да бидат заштитени од секакви облици на експлоатација и злоупотреба

Тие ги имаат сите права за да бидат среќни.

## ДЕТЕТО И НЕГОВИТЕ ПРАВА

Секое дете за да оствари хармоничен развој на личност, треба да расте во семејна средина во атмосфера на среќа, љубов и разбирање.

Но дали е тоа така, зашто сега сме 21 век и сведоци сме на тоа дека децата се експлатираат, не им е овозможено образование? Социјалниот статус во државата е на незавидно ниско ниво, а поголемиот дел од децата немаат никакво здравствено осигорување. Сретнувајќи се постојано со ваквата состојба Првата детска амбасада во светот „Меѓаши" организираше тренинзи и работилници во кои земаа учество деца од 7 града од Македонија, а беа одржани во Струмица, Кичево, Охрид, Струмица и Скопје.

Децата со помош на возрасните подготвија и поделија прашалници во основните и средни училишта во 7 града, а од добиените резултати се направија заклучоци и две деца беа испратени во Женева да ги презентираат мислењата на децата во врска со состојбата на детските права во Македонија.

Присуствувајќи на овие работилници и запознавајќи се со состојбата на децата во нашата држава, дојдов до сознание дека Конвенцијата за правата не детето не се имплементира во

секојдневниот живот, иако нашата држава е членка на ОН и ја има потписано оваа конвенција.

Затоа сите деца треба да бидат запознаени со своите права и одговорности во семејството и општеството. Мое мислење е дека тоа ќе биде возможно доколку секое дете оди на училиште и осознавајки се себе и другите околу себе, ќе има можност да се изгради во здрава личност која понатаму ќе даде свој придонес во изградбата на здраво општество во кое секое дете и секој човек ќе можат да придонесат за поубав живот.

Затоа да се потрудиме секое дете да добие: - образование, здравствени услуги, подобар социјален статус, а притоа со закон да му бидат заштитени мирот и достоинството, да живее со толеранција и солидарност, во слобода и рамноправност.

Давид Стојковски, ОУ Љубен Лапе

Прва детска амбасада во светот Меѓаши, Скопје

**Децата и нивните права**

Секое дете има право

да биде весело и здраво

да има мирен живот и сон

и безброј желби во рој.

Да има топол дом и мир

да живее во беспрекорен шир

да нема солзи и болки

да има радост и славо појки.

Детските права се многу важни

тие треба да се почитуваат

и де не се прекршуваат.

Радост и мир да се има во душа

и секој детското мислење да го слуша,

песна да има во срцето нивно

и де се среќни и весели.

Сите деца се исти

без разлика дали се

црни, бели, жолти,

или качени на модни писти.

Да се слушне детскиот глас

да викнеме сите,

ДЕЦАТА СЕ НАШИОТ СПАС!

Јелисавета Станковиќ

VI а одд, ОУ Партенија Зографски

Прва детска амбасада во светот Меѓаши

**Јас како дете и моите права и обврски**

Што се тоа права и дали тие мали суштества, децата имаат свои права?

Кои се нивните права? Дали тие се почитуваат? Како, каде и кога се донесени тие права?

Дали правата, вклучуваат и одговорности? Многу прашања, но колку одговори?!

Секое живо суштество, без разлика на возраста, полот, верата или бојата на кожата има свои права. Исто и децата имаат свои права. Право на топол дом и семејство, право на идентитет, право на сопствено мислење, право на вера, право на заштита од дискриминација и многу други. Значи секое дете има свои загарантирани права со

Конвенцијата за правата на детето при Обединетите Нации, но за жал практиката покажува дека детските права секогаш не се почитуваат.

Голем број од децата не живеат во топол дом, туку на улица, не одат на училиште, условите за децата со хендикеп не се прилагодени во училиштата, постои дискриминација во однос на етничка и полова припадност.

Освен наведените права, сакам да истакнам дека децата треба да се почитуваат и да бидат заштитени од секаков вид злоупотреба и учество во вооружени конфликти, од употреба на дрога, од киднапирање, продажба и др.

Сакам да истакнам дека како дете на возраст од 13 години кое учествува во проектот „Градење култура на детско учество" стекнав многу искуства и знаења врзани за детските права. Семинарите беа многу значаен за сите деца кои учествувавме во нив. Самиот проект и насловот кој тој го носи е многу интересен, а семинарите кои ги поминавме да не зборувам...сите тие интересни игри, примери, дискусии и многу други искуства, направија да имаме незаборавни дружења. Знаењето кое таму го стекнавме ни претставува прекрасно искуство за во иднина. Знаењата за детските права ги збогатив.

Беа организирани три семинари во различни градови, четири заеднички работилници во Скопје и други самостојни работилници секој во својот град. Освен стекнатите знаења, се стекнавме и со нови незаборавни пријателства. Од различни градови од нашата држава со интересен нагласок на својот дијалект карактеристичен за местото на живеење. Јазикот не ни претставуваа пречка. Со сложна работа и дружба, го направиме и детскиот извештај кој ја претставува моменталната состојба на децата во Република Македонија. Многу сум среќна што запознав нови другарчиња, но и горда што имав можност да научам многу нови работи што не ги знаев за правата на детето, а воедно и да учествувам во подготовката на детскиот извештај.

Јас пријателствата кои ги стекнав таму и знаењето никогаш нема да ги заборавам... Јас само можам да кажам дека ние бевме како вистинско семејство.. Секогаш ни беше малку времето за дружење па затоа останавме до подоцна иако бевме смесни дека утре не очекува уште еден ден со работа али и ние покрај мислата што ја знаевме останувавме и се дружевме и утре сите сложно работевме... Сите знаеме дека еднас животот ќе ни донесе на разлучни патеки и дека тој е непредвидлив али сеќавањата, спомените и знаењето засекогаш ќе останат во нашите срца.

Драгана Станковиќ

VII а одд, ОУ Партенија Зографски

Прва детска амбасада во светот Меѓаши

**Порака до децата од целиот свет**

На моето лице насмевка,

На твоето лице насмевка

На сите детски лица насмевка.

Заедно да играме

И весело да се смееме.

**Ајан Карагоски**

**III одд, ОУ Санде Штерјоски**

**Антико, Кичево**

Të drejtat e fëmijëve

Cdo fëmijë në këtë botë

Ka të drejt të jetë I lirë

Gjith të drejtat t'i gëzojë

Dhe askush mos na pengojë.

Si gjithë njerzitë edhe ne

Meritojmë t'na respektojnë

Gjithë të drejtatti gëzojmë

Dhe këtë botë ta shijojmë.

Cdo e drejtë na takon

Dhe askush s'na mohon

Të jetojmë  e të gëzojmë

Jetën tonë ta shijojmë.

Fatime Ajrullai

SH.M.K "Mirko Mileski"

15-vjet

